26104

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
СКОПЈЕ

21. FEB. 1980 ,5174, 14.

ИЗЛОЖБИ

# ПЕТНАЕСЕТМИНАТА

## (ПРЕСЕК НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО МСУ ВО СКОПЈЕ)

**ИЗЛОЖБАТА, ОДНОСНО** антологискиот избор од делата на петнаесетмина современи македонски ликовни уметници, што ја подготви Музејот на современата уметност од Скопје, според одгласите имаше многу убав прием и успех во неколкуте југословенски центри, каде што се одржуваше: во **Уметничката галерија** во Дубровник, во **Колегиум артистикум** во Сараево, **Модерна галерија** во Љубљана и во павилјонот **„Цвета Зузориќ"** во Белград. Истата изложба деновиве е отворена и во нашиот град, во **Музејот на современата уметност**, така што најпосле може и скопската публика да го види овој мал избор од современата македонска ликовна уметност, што не претставува исцрпна слика за сѐ што се случува кај нас на тоа поле, туку само еден можен пресек на творештвото на неколку автори и на неколку тенденции, кои иманентно се содржани во творештвото на тие уметници.

**ВЕДНАШ ДА КАЖЕМЕ** дека застапените уметници и нивните дела спаѓаат во **она што е најдобро во нашата ликовна уметност, иако чувствуваме и извесни празнини што произлегуваат од отсуството на неколку дела и автори, со што секако овој ригорозен избор и состав би бил побогат и пооправдан, особено кога сакаме да го презентираме надвор од Републиката она што е врвно во дадениот момент во нашата уметничка активност.** Но тоа е сосем друга тема, која заслужува поголем простор за разгледување.

**ИЗЛОЖБАТА Е СОСТАВЕНА** од експонатите на девет сликари, четворица скулптори и двајца таписеристи, што го исполни основниот услов за застапеноста на трите главни дисциплини во нашето ликовно творештво. Од сликарите со по неколку творби се застапени: **Родољуб Анастасов, Жарко Јакимовски, Ристо Калчески, Танас Луловски, Ѓоко Матевски, Петар Мазев, Вангел Наумовски, Душан Перчинков и Томо Шијак.** Скулптурата во овој тесен избор ја претставуваат: **Васил Василев, Стефан Маневски, Драган Поповски—Дада и Петар Хаџи Бошков**, а македонската таписерија, која и така нема многу претставници, ја застапуваат **Доне Миљановски и Мира Спировска.** Впрочем, сѐ истакнати и мошне заслужени уметници, кои особено многу придонеле за афирмацијата на модерните, на актуелните тенденции во најновото македонско ликовно творештво.

**МАКЕДОНСКИТЕ УМЕТНИЦИ** што ја сочинуваат изложбата, иако, како што рековме, би можеле кон нив да додадеме барем уште десетина, да го поткрепиме и убавиот комплимент на истакнатиот белградски ликовен критичар Павле Васиќ, во општите текови на повоеното југословенско ликовно дејствување, формираат една посебна школа, **македонска ликовна школа**, и покрај разновидноста и индивидуалноста на секој поединец, и без оглед на разните правци и афинитети, содржејќи го во самата своја суштина она **трансцедентно чувствување на пиктуралноста**, што е својствено особено за уметниците на Македонија и Србија, каде што **византиската култура ги втиснала судбинските насочувања што можат да се најдат и во современиот ликовен израз.**

**Паскал ГИЛЕВСКИ**